ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 10-270/3**

**Дата: 24.03.2010**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2008 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
   - Билјана Јовановска - Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 06.05.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 23.11.-07.12.2009 и од 09.12.-23.12.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

## 10.1. Систем на интерни контроли во процесите

10.1.1. Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, право на паричен надоместок има секое невработено лице кое било во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци.

Од вкупно исплатените средства за остварено право на паричен надоместок во износ од 1.555.590 илјади денари во 2008 година исплатите по основ на паричен надоместок за редовни корисници, стечајни работници и технолошки вишок изнесуваат 1.388.901 илјада денари што претставува 89,28% од вкупно исплатените средства за парични надоместоци. Поради големото учество на горенаведените надоместоци ревизијата изврши проверка на функционирањето на постапката за остварување на право на паричен надоместок за редовни корисници, стечајни работници и технолошки вишок, со примена на контроли кои се однесуваат на организацијата и начинот на вршење на работите во постапката, подзаконската регулатива, пишаните процедури, законитоста на остварувањето на правото на паричен надоместок, точноста на пресметката, исплатите и нивно евидентирање и податоците добиени од базите на податоци за евидентирни корисници на паричен надоместок, утврден е примерок од 280 предмети за кои е извршена исплата заклучно со 31.12.2008 година во Центрите за вработување Скопје, Битола, Прилеп и Охрид.

**Графички приказ на исплатените парични средства за остварени права на парични надоместоци во Агенцијата**




Со извршената ревизија констатирани се следниве неправилности:

- Агенцијата заклучно со месец август 2006 година, освен одредбите од законот, има отсуство на методологија, интерни акти/упатства кои би го регулирале процесот на одлучување и донесување на решение за право на користење на паричен надоместок во случај на невработеност и исплата по истото, со што би се избегнале случајни грешки или измами. Од страна на Секторот за активни политики во месец септември 2006 година изработен е Преглед на потребни документи за остварување на правото на паричен надоместок при престанок на работен однос, и истиот е доставен до секој центар за вработување заради унифицираност на постапката за остварување на правото на паричен надоместок.
- нема пишани процедури за текот и видовите на активности на процесот,
- не е извршено разграничување на одговорностите и должностите (мал број на извршители во одделни центри за вработување). Комплетирање на документацијата, внес на потребните податоци, компјутерска изработка на Пресметката на висината на паричниот надоместок, изработка на Решение за признавање на право на паричен надоместок, негова авторизација и проследување на предметот во понатамошна постапка на остварување на правото на паричен надоместок (авторизација од страна на раководителот), се врши од страна на едно лице. Концентрирањето на сите активности кај едно лице, без контрола за точноста на внесените податоци, создава ризик истите да не се засновани/внесени врз основа на реални и вистинити документи, како и можност од случајни грешки и

– некомплетност на дел од приложените предмети.

Отсуството на пишани процедури (за донесени Решенија за признавање на правото на паричен надоместок до месец август 2006 годин,разграничување на одговорностите и должностите/непостоење и нефукционирање на контролни постапки во одделни сегменти од процесот создава ризик од недоследно почитување на законската регулатива и ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства по основ на горенаведеното право.

Од страна на Секторот за осигурување и права во случај на невработеност изготвено е Упатство за начинот и постапката за остварување на права од осигурување во случај на невработеност број 03-846 од 19.05.2009 година, во кое се дефинирани текот и видовите на активности на процесот на остварување на правото на паричен надоместок со што ќе се овозможи превенција од појавување на ризици кои би влијаеле врз донесување на неточно, нецелосно и некомплетно решение за остварување на правото за паричен надоместок за време на невработеност, како и ризик во однос на точноста на извршените исплати по основ на ова право.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да обезбедат доследна примена на донесеното Упатство за начинот и постапката за остварување на права од осигурување во случај на невработеност.

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да извршат анализа на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, заради дефинирање на структурата на вработени согласно потребите на постапката за остварување на правото на паричен надоместок.

## 10.2. Неправилна примена на акти

10.2.1. Агенцијата врши исплата на плати на вработените врз основа на Правилник за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања и надоместоци на работниците одделно за Централата и поединечните центри, донесени јули 1987 година, кои правилници не се усогласени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за исплата на платите, Законот за работни односи, Општ колективен договор за јавен сектор во РМ, како ни со Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Македонија. Поради неусогласеност со законската регулатива, Агенцијата пресметува и исплаќа плати врз основа на законски и подзаконски акти кои се неважечки, а со примена на критериумите и мерилата за пресметка на плата од горенаведените правилници, Агенцијата за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплаќа различен износ на плата на вработените во различни центри за вработување, што придонесува нееднаквост помеѓу вработените.

Во текот на 2009 година донесени се измени и дополни на одредбите од Законот за работни односи и тоа во делот кој го уредува донесувањето на колективните договори, со кои е пропишано донесување на општ колективен договор за јавниот сектор, во кој спаѓа и Агенцијата.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со претставниците од синдикалната организација да пристапат кон уредување на правата и обврските од редовен работен однос, да донесат колективен договор кој ќе претставува основ за изготвување на актот за утврдување на платите на вработените.

10.2.2. Во текот на 2008 година со право на паричен надоместок за време на невработеност над 12 месеци се стекнале 4.196 корисници. Пресметката за утврдување на износот на месечното право на надоместок е вршена во висина од 50 % од просечната нето плата на работникот за последните 24 месеци пред престанокот на работниот однос. За лицата кои имаат право на паричен надоместок до 12 месеци се исплаќале 50%, а за лицата кои имаат право на исплата на надоместок над 12 месеци наместо исплата од 40% од месечното право на надоместокот, се исплаќаат 50 % за првата година, а во преостанатите месеци се исплаќа 40% од просечната нето плата, што не е во согласност со член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Ревизијата констатира дека поради погрешно толкување и примена на Законот, Агенцијата има извршено погрешна пресметка на месечното право, согласно воспоставената пракса на примената на член 68 од Законот, што придонесува незаконска исплата на месечното право на надоместок.

Ревизијата не дава препорака бидејќи донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со примена од 01.01.2009 година, согласно кој член 68 се менува и гласи:

*"Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеца изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата."*

## 10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:

10.3.1. Со извршена ревизија на набавната вредност на материјалните средства, нивната исправка на вредност и сегашната вредност на материјалните средства искажана на позицијата Државен јавен капитал констатирана е неусогласеност помеѓу истите за износ од 4.758 илајди денари. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Оваа состојба се јавува како последица на пресметковен начин на водење на деловните книги во Агенцијата во минати години односно непримена на сметководствениот принцип на парично искажување и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои истите ги даваат.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да превземат мерки за формирање на Комисија за попис на фактичката состојба на средствата и изворите на средствата, која ќе ги утврди разликите и предложи мерки до надлежните органи за усогласување на состојбата.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Македонија под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Агенцијата за вработување на Република Македонија е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Агенцијата и тоа:
   - 43 судски постапки во кои тужител е Агенцијата и тоа: 16 парнични постапки со вкупна вредност од 3.477 илјади денари и тоа по основ на надомест на штета, враќање на паричен надоместок и неосновано збогатување; 6 работни спорови со вкупна вредност од 248 илјади денари по основ на поврат на повеќе исплатен паричен надоместок и 21 стечајни постапки по основ на поднесени пријави на побарувањата од Агенцијата во својство на стечаен доверител, по основ на неплатен придонес за вработување во вкупна вредност од 21.043 илјади денари и
   - 10 судски постапки во кои тужена страна е Агенцијата, и тоа: 6 работни спорови за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот, и тоа по основ на надомест на штета, камати и престанок на работен однос и 4 судски спорови од кои 1 постапка е во вредност од 156 илјади денари, а за 3 постапки во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот, и тоа по основ на поништување на одлука и враќање на работа на работник и надомест на штета.

14. Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, почнувајќи од 01.01.2009 година контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите за задолжително социјално осигурување (пензиско и инвалидско осигурување, задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност) ги врши Управата за јавни приходи.

    Придонесите за задолжително социјално осигурување, како јавни давачки, се ***приход*** на институциите за задолжително социјално осигурување (Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фонд за здравствено осигурување на Македонија и Агенција за вработување на Република Македонија).

    Согласно горенаведениот закон, Управата за јавни приходи и институциите за задолжително социјално осигурување имаат обврска меѓусебно да разменуваат податоци за обврзниците за плаќање на придонесите, пресметката и уплатата на придонесите, основиците на придонесите, износите на **пресметани, наплатени и ненаплатени придонеси**, како и други службени податоци поврзани со придонесите. Меѓутоа, истите добиваат податоци од Управата за јавни приходи само за пресметани и платени придонеси, а не и податоци за ненаплатени придонеси.

    Ваквата состојба придонесува Институциите за задолжително социјално осигурување (фонодовите) да не располагаат со точни податоци за очекувани а ненаплатени придонеси/приходи кои ќе бидат основ за планирање на нивните буџети, аналогно и на Буџетот на Република Македонија, за статистички и други потреби, како и за спроведување на дополнителна контрола на утврдувањето на податоци за придонесите.

    Поради целокупната наведена состојба, ревизијата смета дека сите институциите за задолжително социјално осигурување во координација со Управата за јавни приходи, потребно е да превземат активности, ваквиот износ на очекувани идни приходи да се евидентира во сметководствената евиденција и да се искажува во финансиските извештаи на овие институции.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2007 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.2.1, 11.3.1, 11.3.2. и 11.4. и дадените препораки по истите, од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

Скопје, 23.03.2010 година | Овластен државен ревизор,

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1.791.650 | 1.523.589 |
| Неданочни приходи | 20.034 | 12.356 |
| Трансфери и донации | 3.112.687 | 3.610.233 |
| **Вкупно приходи** | **4.924.371** | **5.146.178** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 163.506 | 155.328 |
| Стоки и услуги | 98.129 | 69.260 |
| Субвенции и трансфери | 31 | 0 |
| Социјални бенефиции | 4.524.643 | 4.836.141 |
| **Вкупно тековни расходи** | **4.786.309** | **5.060.729** |
| **Капитални расходи** | 4.373 | 1.741 |
| **Вкупно расходи** | **4.790.682** | **5.062.470** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **133.689** | **83.708** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 133.525 | 83.442 |
| Побарувања | 25.208 | 24.935 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.745 | 4.745 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 9.039 | 11.001 |
| Активни временски разграничувања | 393.695 | 382.308 |
| Залихи | 734 | 356 |
| **Вкупно тековни средства** | **566.946** | **506.787** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 180.554 | 163.754 |
| Природни богатства | 7.933 | 7.933 |
| Материјални средства во подготовка | 239 | 239 |
| Долгорочни пласмани | 228 | 227 |
| **Вкупно капитални средства** | **188.954** | **172.153** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1.399** | **1.399** |
| **Вкупна актива** | **757.299** | **676.339** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.340 | 7.577 |
| Краткорочни обврски по резерви | 375.291 | 362.759 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 183 | 237 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 0 | 29 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12.926 | 11.849 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 23.623 | 23.404 |
| Пасивни временски разграничувања | 142.301 | 90.028 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 1.790 | 1.790 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **561.454** | **497.673** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 194.446 | 177.267 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **194.446** | **177.267** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1.399** | **1.399** |
| **Вкупна пасива** | **757.299** | **676.339** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **176.684** | **582** | **177.266** |
| **Зголемување по основ на:** | **30.789** | **2.127** | **32.916** |
| Набавки | 17.211 | 2.127 | **19.338** |
| Донации | 13.578 | | |
| **Намалување по основ на:** | **(13.989)** | **(1.747)** | **(15.736)** |
| Потрошок | - | (1.747) | **(1.747)** |
| Расход по попис | (323) | | **(323)** |
| Продажба на основно средство | - | - | **-** |
| Продажба на хартии од вредност | - | - | **-** |
| Отпис | 20 | - | **20** |
| Пресметана амортизација | (13.686) | - | **(13.686)** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **193.484** | **962** | **194.446** |